# З А П И С Н И К

## од триесет и првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

## за 2025 година

Триесет и првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 02.12.2025 година во 11:30 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Jeton Akiku, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Носење на Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и првиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со предлогот од точка 3 а имајќи ги во предвид законските обврски членовите донесоа Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател_______________

Анкица Трпковска, заменик претседател_______________

д-р Адмирим Алити, член_______________

Анѓелка Диневска, член_______________

Насер Адеми, член_______________

Наш број 1102-53/2

Скопје 02.12.2025 година